Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:21.08.2025 14:44:30
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzhben vesnik na RSM, O=JP Sluzhben vesnik na Republika Severna Makedonija C.O. Skopje, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

Број 175 **21 август 2025, четврток** **година LXXXI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
3737.	**Уредба** за изменување на Уредбата за клиничките прегледи и другите дополнителни испитувања за утврдување на смрт, како и начинот на утврдување на смртта на лице чии делови од тело може да се земат заради пресадување и за поблиските критериуми по однос на специјалноста кои мора да ги исполнуваат членовите од комисијата која со сигурност ќе го утврди престанокот на работата на мозокот……..	3
3738.	**Уредба** за физичка безбедност на класифицирани информации (*)…..	3
3739.	**Одлука** за изменување на Одлуката за формирање комисија за чување, одржување, обновување и обележување на граничните линии и граничните ознаки на Република Македонија со соседните држави……..	7
3740.	**Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности……	8
3741.	**Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности…….	19
3742.	**Одлука** за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2025/2026 година……	19
3743.	**Одлука** за престанок на користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ – Скопје…….	19
3744.	**Одлука** за утврдување на мрежата на јавните установи за деца - детски градинки и центри за ран детски развој……..	20

		Стр.
3745.	**Одлука** за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови за 2025 година…….	**26**
3746.	**Одлука** за формирање на Национален центар за побезбеден интернет..	**27**
3747.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа - Идризово, Скопје……...	**27**
3748.	**Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Горна Краста“, Општина Сопиште…….	**28**
3749.	**Одлука** за одбивање на Барањето за доделување концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за изведување на рударски и градежни работи МАШИНОКОП ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци на локалитетот „Долна Лака“ Општина Росоман……..	**28**
3750.	**Одлука** за едностран раскин на Договорот за пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Тодорови бавчи“, Општина Велес……	**28**
3751.	**Одлука** за престанок на важење на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот КО „Куклиш“, Општина Струмица……	**29**
3752.	**Одлука** за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „с. Паликура“ Општина Неготино……	**29**
3753.	**Одлука** за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта……	**29**
3754.	**Решение** за изменување на Решението за формирање Совет за реформа на јавната администрација……	**30**
3755.	**Решение** за именување на членови на интерресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите…….	**31**
3756.	**Правилник** за изменување на Правилникот за дополнителните услови за верификација на одредени видови на мерила, постапката за овластувањето на правното лице, задачите на овластеното правно лице и оцената на исполнетоста на барањата за овластување……	**31**
3757.	**Одлука** за одбивање на барање за издавање на Лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија…….	**32**
3758.	**Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија…	**32**
3759.	**Одлука** за издавање на Лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија……..	**37**
3760.	**Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија…	**41**
3761.	**Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија…	**46**
3762.	**Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија…	**50**
3763.	**Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија…	**55**
3764.	**Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија…	**59**
	Огласен дел.....	**1-128**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

3737.

Врз основа на член 26 ставови (3) и (5) од Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување („Службен весник на Република Македонија“ бр. бр.47/11, 136/11, 91/13, 164/13, 27/14, 112/14, 144/14, 124/15, 149/15 И 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 236/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 август 2025 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА КЛИНИЧКИТЕ ПРЕГЛЕДИ И ДРУГИТЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ ИСПИТУВАЊА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СМРТ, КАКО И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СМРТТА НА ЛИЦЕ ЧИИ ДЕЛОВИ ОД ТЕЛО МОЖЕ ДА СЕ ЗЕМАТ ЗАРАДИ ПРЕСАДУВАЊЕ И ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ПО ОДНОС НА СПЕЦИЈАЛНОСТА КОИ МОРА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ЧЛЕНОВИТЕ ОД КОМИСИЈАТА КОЈА СО СИГУРНОСТ ЌЕ ГО УТВРДИ ПРЕСТАНОКОТ НА РАБОТАТА НА МОЗОКОТ

Член 1

Во Уредбата за клиничките прегледи и другите дополнителни испитувања за утврдување на смрт, како и начинот на утврдување на смртта на лице чии делови од тело може да се земат заради пресадување и за поблиските критериуми по однос на специјалноста кои мора да ги исполнуваат членовите од комисијата која со сигурност ќе го утврди престанокот на работата на мозокот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 168/13), во член 6 во став (1) во воведната реченица зборовите „изведуваат најмалку два“ се заменуваат со зборовите „изведува најмалку еден“.

Член 2

Во член 8 во ставот (2) зборовите „кој ги извршил параклиничките потврдни тестови“ се заменуваат со зборовите „кој го извршил параклиничкиот потврден тест“.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-4961/10
19 август 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

3738.

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за класифицирани информации (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 август 2025 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА ФИЗИЧКА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ (*)

Член 1

Со оваа уредба поблиску се уредуваат мерките и активностите за физичка безбедност на класифицираните информации кои се применуваат од страна на орган на државната и локалната власт основан согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, правно лице основано од Републиката или од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, како и од физичко лице или правно лице.

*Со оваа уредба се врши усогласување со Одлука на Советот од 23 септември 2013 година во однос на правилата за безбедност за заштита на класифицирани информации на ЕУ, CELEX број 32013D0488.

Процена за можно нарушување на безбедноста на класифицираната информација

Член 2

Мерките и активностите за физичка безбедност се одбираат врз основа на проценката за можното нарушување на безбедноста на класифицираните информации, која се изработува од страна на субјектот кој ракува со класифицирани информации.

Процената за можното нарушување на безбедноста на класифицираните информации се врши од аспект на:

- бројноста, степенот, формата и протокот на класифицираните информации;
- непосредната околина на објектот во кој се наоѓаат класифицираните информации и поставеноста на безбедносниот појас околу објектот, безбедносните и административните зони во објектот, физичката градба, sидовите, вратите и прозорците на објектот;
- состојбата на поширокатa околина на објектот;
- лицата кои работат во објектот;
- заканата од разузнавачки активности, саботажа, терористички или други криминални активности насочени кон класифицираните информации;
- постапките за работа со класифицираните информации и нивното чување во објектот.

Член 3

Врз основа на проценатa за можното нарушување на безбедноста на класифицираните информации на субјектот, се изработуваат планови за физичка заштита за секој објект посебно, во коишто се вклучени и мерки за евакуација и/или уништување класифицирани информации во итни ситуации.

Определување на безбедносен појас околу објектот

Член 4

Во планот за физичка заштита се определува безбедносниот појас околу објектот во кој се ракува со класифицирани информации.

Безбедносниот појас претставува минималното растојание до објектот кое оневозможува, со примена на активни или пасивни средства, да се открие содржината на класифицираната информација.

Определување на безбедносни и административни зони и услови за чување на класифицирани информации

Член 5

Во планот за физичка заштита се определуваат безбедносните и административните зони во објектот во кој се ракува со класифицирани информации.

Во објектот се определуваат безбедносни зони од прв и втор степен и административни зони.

Безбедносните и административните зони се обележуваат на видно место.

Член 6

Безбедносните зони во кои се врши ракување и чување на класифицирани информации треба да се организираат и структуираат на еден од следните начини:

а) Безбедносната зона од прв степен е зона каде се врши ракување и чување на класифицирани информации на начин со којшто при самото влегување во зоната се има пристап до класифицираните информации и истата треба да има:

- точно определен заштитен простор со строго контролиран влез и излез;

- систем на контрола, кој овозможува влегување само на лица со соодветна безбедносна проверка и кои се овластени за влегување во таа зона;
- ознака на степенот на класификацијата и видот на информациите со кои се ракува во таа зона, односно информации до кои е дозволен пристап.

б) Безбедносната зона од втор степен е зона каде се врши ракување и чување на класифицирани информации на начин со кој истите се заштитени од пристап на неовластени лица и истата треба да има:
- точно определен заштитен простор со строго контролиран влез и излез;
- систем на контрола на влезот, кој што овозможува пристап само на лица, без придружба, кои се безбедносно проверени и овластени за влегување во таа зона, а за сите останати лица се обезбедува придружба од страна на лице овластено за пристап во таа зона или соодветна контрола за заштита на класифицираните информации и спречување на неконтролирано влегување во зоните што се предмет на техничка безбедносна контрола;
- евиденција за влез на лицата за коишто се обезбедува придружба во безбедносната зона.

Условите за безбедносните зони од став 1 на овој член, преставуваат минимални стандарди за безбедносни зони од прв и втор степен, доколку со друг пропис или меѓународен договор ратификуван согласно Уставот на Република Северна Македонија, не е поинаку уредено.

Член 7

Безбедносните зони во кои нема 24-часовна дежурна служба, се контролираат веднаш по завршувањето на редовното работно време за да се осигура дека класифицираните информации се соодветно заштитени.

Член 8

Административна зона се воспоставува околу или пред безбедносните зони од прв или втор степен. Оваа зона има определен заштитен простор во којшто постојат можности за контрола и евиденција за влез на лица и возила.

Во административните зони се чуваат и се ракува само со информации класифицирани со степенот „ИНТЕРНО“ и со информации со ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“.

Член 9

Со информации класифицирани со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ може да се ракува само во безбедносни зони од прв и втор степен.

Информации класифицирани со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ се чуваат во безбедносни зони од прв и втор степен со примена на некоја од следните мерки:

а) чување во сигурносни сефови кои исполнуваат минимални стандарди за чување класифицирани информации со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“, со една од следните дополнителни контроли:
- постојана заштита со лица за обезбедување или дежурен персонал, при што се врши проверка на сигурносните сефови или на просториите во кои тие се наоѓаат од страна на лицата за обезбедување или дежурниот персонал во случајно одбрани временски интервали, на не помалку од секои два часа или
- систем за откривање на неовластено физичко присуство во соработка со безбедносните сили определени за брза реакција во случај на неовластено присуство на лица во простории во коишто се чуваат класифицирани информации (во натамаошниот текст: сили за брза реакција);

б) чување во простории што исполнуваат услови за отворено чување на класифицирани информации опремени со систем за откривање на неовластено физичко присуство во соработка со силите за брза реакција или

в) чување во трезорски простории во кои е воспоставен систем за откривање на неовластено физичко присуство кој треба да биде во соработка со лицата за обезбедување или силите за брза реакција, кои по даден аларм би реагирале во определен временски период за спречување насилен влез од страна на неовластени лица.

Член 10

Со информации класифицирани со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ се ракува во безбедносни зони од прв и втор степен.

Информациите класифицирани со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ се чуваат во безбедносни зони од прв и втор степен со примена на некоја од следните мерки:

а) чување на начин пропишан за заштита на информации класифицирани со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ од член 9 од оваа уредба или

б) чување во сигурносни сефови кои исполнуваат минимални стандарди за чување класифицирани информации со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ или во трезорски простории без дополнителни контроли или

в) чување во простории што исполнуваат услови за отворено чување на класифицирани информации со примена на една од следните дополнителни контроли:
- постојана заштита на локацијата на која се наоѓа просторијата за отворено чување од страна на служба за обезбедување или од дежурна служба, при што просторијата за отворено чување да биде проверувана од службата за обезбедување или од дежурната служба најмалку еднаш на секои четири часа или
- да е воспоставен систем за откривање на неовластено физичко присуство во соработка со силите за брза реакција.

Член 11

Со информации класифицирани со степен „ДОВЕРЛИВО“ се ракува во безбедносни зони од прв и втор степен.

Информации класифицирани со степен „ДОВЕРЛИВО“ се чуваат во безбедносни зони од прв и втор степен, во сигурносни сефови кои исполнуваат минимални стандарди за чување класифицирани информации со степен „ДОВЕРЛИВО“ или на начин уреден во членовите 9 и 10 од оваа уредба, но без дополнителни контроли.

Член 12

Со информации класифицирани со степен „ИНТЕРНО“ и со информации со ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“ се ракува во административни и безбедносни зони од прв и втор степен.

Информации класифицирани со степен „ИНТЕРНО“ и информации со ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“ се чуваат во административни и безбедносни зони од прв и втор степен во канцелариски мебел (работна маса, дрвен или метален ормар и друго), што се заклучува и нема провидни страни, како и на начин уреден во членовите 9, 10 и 11 од оваа уредба.

Член 13

Комуникациско-информациските системи за обработка, прикажување, чување или пренос на класифицирани информации, се користат во административни и безбедносни зони од прв и втор степен, согласно степенот на класификација на класифицираните информации.

Критичната опрема од комуникациско-информациските системи (сервери, мрежна опрема, мемориски уреди, криптографска опрема и слично), се поставува во посебни простории уредени како безбедносни зони од прв степен во кои се чуваат класифицирани информа-

ции со контролиран пристап ограничен само на персоналот задолжен за безбедноста и за одржување и администрирање на опремата.

Член 14

Согласно степенот на класифицираните информации, печатачите, копирите, уништувачите на хартија и другата опрема што се користи за нивна репродукција или уништување, се поставуваат во административни и безбедносни зони во кои пристапот до опремата е ограничен само на корисниците на опремата и на персоналот задолжен за безбедноста и за одржување на опремата.

Организирање на физичка заштита и примена на технички средства за обезбедување на објекти и простории во кои се наоѓаат класифицирани информации

Член 15

Субјектот кој ракува со класифицирани информации применувајќи го концептот на одбрана по длабочина, односно повеќеслојна заштита, ги одредува најсоодветните комбинации на мерки за физичка безбедност кои треба да се имплементираат.

Организацијата на физичката заштита, освен идентификација на локациите и објектите за кои е потребна заштита ги опфаќа следните повеќеслојни безбедносни мерки:

- безбедносна ограда;
- безбедносно осветлување;
- систем за откривање на неовластено физичко присуство на лица;
- контрола на пристап;
- лица, односно служба за обезбедување;
- систем за видео надзор за интерна употреба;
- проверка на лица при влез и излез;
- контрола на посетители и
- опрема што ги исполнува стандардите за заштита на класифицирани информации.

Член 16

Безбедносната ограда претставува физичка пречка и ја определува границата на зоната што се заштитува. Нивото на заштита на оградата зависи од нејзината височина, градба, материјалот што е користен и други дополнителни елементи употребени за зголемување на нејзината заштита и ефикасност, како што се: врвови, системи за откривање на неовластено физичко присуство на оградата, осветлување или систем за видео надзор за интерна употреба.

Ефикасноста на безбедносната ограда зависи од нивото на заштитата на точките за пристап. Влезните врати се конструираат според истите стандарди како и оградата. Според потребите на поединечни влезни врати се инсталираат системи за контрола на пристап заради обезбедување на соодветна заштита.

Член 17

Безбедносното осветлување се поставува според минималните барања за видео надзор за интерна употреба заради овозможување на непречен директен надзор од лицата за обезбедување, а инсталацијата треба да е соодветна на потребите за кои се користи.

Член 18

Системите за откривање на неовластено физичко присуство на безбедносната ограда се поставуваат со цел да се зголеми нивото на заштита. За избегнување на можен лажен аларм се користи дополнителен систем за верификација на алармот (видео надзор, служба за обезбедување и слично).

Системите за откривање на неовластено физичко присуство можат да се користат во објекти и простории наместо лица за обезбедување или како помошни средства на службата за обезбедување.

Системите од ставовите 1 и 2 на овој член, се надополнуваат со силите за брза реакција.

Член 19

Силите за брза реакција ги сочинуваат најмалку по две лица за секоја точка во објектот во која е нарушен безбедносниот режим, без притоа да се наруши безбедноста на останатите делови во објектот.

Реакцијата на силите за брза реакција, на алармот или сигналот за тревога, треба да е во рамките на временскиот интервал што овозможува заштита на класифицираните информации од неовластено физичко присуство, односно да биде пократка од времето потребно за пробивање на повеќеслојната заштита.

Силите за брза реакција треба да бидат соодветно безбедносно проверени за пристап до класифицирани информации и да бидат обучени од страна на надлежниот офицер за безбедност на класифицирани информации во органот, доколку со планот за нивна реакција е предвидена заштита на интегритетот на безбедносните зони и класифицираните информации.

Член 20

Контролата на пристап се поставува во објект или објекти или во зони или простории во рамките на објектот. Контролата може да биде електронска, електро-механичка или физичка со лице за обезбедување.

Со системите за идентификација на вработените се контролира влезот во административни и безбедносни зони од прв или втор степен.

Член 21

Во зависност од степенот на ризикот и останатите безбедносни системи или опрема инсталирана во објекти во кои се ракува со класифицирани информации, може да се воспостави и служба за обезбедување.

Лицата за обезбедување се соодветно безбедносно проверени за пристап до класифицирани информации и да бидат обучени и контролирани од страна на надлежниот офицер за безбедност на класифицирани информации во органот.

Член 22

Систем за видео надзор за интерна употреба се воспоставува за помош на службата за обезбедување заради верификација на недозволени активности и како надополнување на алармните системи поставени на безбедносните огради или на поголеми објекти.

При воспоставувањето на системот за видео надзор од став 1 на овој член, неговите технички можности не треба да претставуваат ризик за нарушување на безбедноста на класифицираните информации.

Член 23

Техничките средства за физичка заштита на класифицираните информации редовно се одржуваат. Секоја промена на техничките средства се евидентира и за тоа се известува офицерот за безбедност на класифицирани информации во органот.

Член 24

Технички обезбедени зони се зони кои се специфично одредени и истите треба да се заштитат од технички напади и прислушување и се предмет на редовна физичка и техничка проверка чијшто временски интервал го утврдува надлежната безбедносна служба. Физичката и техничката проверка се врши во случаи на неовластено

влегување или на основано сомневање за неовластено влегување од страна на надворешни лица за одржување или реновирање на просториите. Техничките зони се опремени со системи за откривање на неовластено физичко присуство на лица. Сите лица кои влегуваат и сите материјали кои се внесуваат во технички обезбедените зони, треба да бидат контролирани.

Кога не се користат, просториите во технички обезбедените зони се заклучуваат и/или чуваат во согласност со стандардите за физичка безбедност и сите клучеви и шифри имаат третман на безбедносни клучеви и шифри.

Член 25

Мебелот или опремата, пред внесувањето во технички обезбедените зони, се проверува од соодветно обучени лица заради евентуално постоење на уреди за прислушување и притоа се запишува типот и серискиот број на инвентарот кој се внесува или изнесува од технички обезбедените зони.

Член 26

Во технички обезбедените зони, по правило не се инсталираат телефони и други видео конференциски уреди доколку тоа не е неопходно. Но доколку е потребна инсталација на ваква опрема, зоната се опремува со дополнителен уред за прекинување на мрежата и напојувањето или со можност физички да се исклучи кога се разговара за класифицирани информации.

Член 27

Во технички обезбедени зони не се внесуваат комуникациско-информациски или други електронски средства, со можности за снимање или пренесување на сигналот.

Член 28

Објектите или локациите за кои, по правило, е потребна заштита од технички напади и прислушување на информациите класифицирани со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ и повисоко, се заштитуваат од методи и средства за пасивно и активно прислушување, со преземање на мерки за физичка заштита на звукот и контрола на пристапот на местата каде постои таков ризик.

За спречување на истекување на класифицирани информации преку жични микрофони, радио микрофони и други вградени средства, се врши техничка и/или физичка безбедносна проверка на градбата на просторијата, нејзиното опремување и додатоците и канцелариската опрема, вклучително и на канцелариските машини (механички или електрични) и средствата за комуникација.

Проверката ја вршат безбедносно обучени стручни лица овластени од функционерот, односно раководителот на субјектот.

Член 29

Во просториите во кои се разговара за класифицирани информации, како дополнување на физичките проверки се вршат и редовни технички безбедносни проверки за евентуално вградени уреди и се испитува телефонскиот систем или други електрични уреди кои можат да бидат предмет на напад.

По потреба, во просториите од став 1 на овој член, како превенција од разузнавачки активности, се одредуваат критични места за безбедноста на класифицираните информации.

Член 30

Во просториите во кои се одржуваат разговори или се работи со информации класифицирани со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ и повисоко, пред употреба на комуникациската, електричната и електронската опрема од кој било тип, се врши преглед за техничка или комуникациска безбедност од страна на стручни лица обучени за техничка и комуникациска безбедност.

Член 31

Кога постои можност за визуелно откривање на класифицирана информација при дневна светлина или вештачко осветлување, се преземат мерки за визуелна заштита.

Член 32

Клучевите од сигурносните сефови не се изнесуваат надвор од објектот.

Шифрите од сигурносните сефови не се запишуваат од страна на лицата кои ги користат. За итни случаи се обезбедува дупликат од клучевите и писмен запис на секоја од шифрите, кои се заштитуваат поединечно, со пакување во непрозирен и запечатен плик и се чуваат од овластените лица во субјектот кои се надлежни за ракување со класифицираните информации.

Шифрите се менуваат:

- по набавката на безбедносниот сеф, а пред првата употреба, или
- кога се менува лицето кое ги знае, односно ги користи, или
- при постоење на основано сомневање за нарушување на нивната тајност, или
- на редовни интервали не подолги од 12 месеци.

Член 33

Клучевите се чуваат одделно од нивните дупликати.

Клучевите, нивните дупликати и шифрите имаат безбедносна заштита која не е помала од заштитата на информациите до кои со нив се овозможува пристап.

Познавањето на шифрите се ограничува на што е можно помал број на лица од редот на вработените.

Член 34

Во субјектите во коишто се ракува со класифицирани информации може да се определат простории за отворено чување на класифицирани информации.

Просториите за отворено чување на класифицирани информации треба да имаат:

а) надворешни ѕидови, подови и тавани изработени од цврста градба без монтажни елементи којашто е изведена на начин што овозможува визуелен приказ на евентуален неовластен упад во објектот;

б) врати изработени од дрво, метал или од друг цврст материјал што ги исполнуваат минималните стандарди за соодветниот степен на класификација, при што влезните врати во просториите во кои се чуваат информации класифицирани со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ и „ДОВЕРЛИВО“ се обезбедени со брава со тростран забравување што ги исполнува минималните стандарди за соодветниот степен на класификација, а вратите дополнително се обезбедуваат од внатре со механизам за отворање во итни случаи или масивно дрво или метален лост по широчина на вратата;

в) заштитени отвори и канали кои влегуваат или минуваат низ просториите за отворено чување на информациите, а се поголеми од 620 см2 во напречен пресек или повеќе од 15 см во најмалата димензија, со метални прачки, метални решетки, обични метални прегради или систем за откривање на неовластено физичко присуство;

г) прозорци што се опремени со заштита од набљудување (ролетни, завеси, заштитна фолија или други покривки).

Прозорците на приземјето или други прозорци што се лесно достапни (на покриви, веранди и анекси на објекти), се изработени или се заштитени со материјали за спречување насилно влегување.

Заштитата на прозорците е соодветна на јакоста на ѕидот на кој се вградени.

За просториите за отворено чување на класифицираните информации кои се наоѓаат во контролиран простор на прозорците, не е потребно поставување на материјали за заштита од насилно влегување, доколку со трајно запечатување или опремување од внатрешна страна со механизам за заклучување прозорците се блокираат и надгледуваат со систем за откривање на неовластено физичко присуство кој може да биде во облик на видео надзор за интерна употреба и/или алармен систем за откривање на неовластено физичко присуство во безбедносната зона.

Член 35

Информации класифицирани со степен „ДОВЕРЛИВО“ и повисоко може да се чуваат на отворени полици или да се прикажани на карти, мапи или на друг начин, во трезорски простории или на отворени простори за складирање кои се лоцирани во безбедносните зони од прв и втор степен.

Контрола на влез, движење и излез на лица и возила за пренос на класифицирани информации

Член 36

Воспоставениот систем на физичка заштита опфаќа и проверка на влезот и излезот за спречување на неовластено внесување на материјали во просториите или изнесување на класифицирани информации надвор од објектите. Проверката на влез и излез може да се воспостави, при што на видно место се предупредува за ваквата мерка за безбедност.

Член 37

Во објектите и просториите во безбедносните и административните зони се влегува со дозвола за пристап. Влез на возила во безбедносни и административни зони е дозволен само доколку тоа е неопходно.

Пред секое влегување на возилото во зоните од став 1 на овој член, се врши детална проверка од овластеното лице.

Член 38

Пристапот со или без придружба, на посетители во безбедносни и административни зони, зависи од:

- претходно спроведената безбедносна проверка на посетителите;
- примената на принципот „потребно е да знае“;
- дали посетителот е домашно или странско лице и
- од евентуалната потреба од дополнителна контрола.

Посетителите за кои е потребна придружба, се придружуваат за сето време на движење во објектот. При посета на различни одделенија или на повеќе лица, посетителите се преземаат од овластени лица за придружба во тие одделенија со евидентирање во дозволата за влез.

Посетителите за кои е дозволен влез без придружба во објекти и локации што се обезбедуваат, носат бец за идентификација кој се разликува од бецот на вработените.

Физичко обезбедување при пренесување на класифицирани информации надвор од безбедносните зони

Член 39

При пренос на класифицирани информации надвор од безбедносни и административни зони се обезбедува соодветна заштита според степенот на класификација на информациите.

Физичката заштита при пренесување на класифицирани информации надвор од безбедносните и административните зони треба да овозможи сигурно, безбедно и навремено пренесување на класифицираните информации.

Преносот на класифицираните информации се врши од страна на лица кои поседуваат соодветен безбедносен сертификат и се запознаени со начинот на пренос на класифицирани информации и маршрутата по која ќе се движат.

Член 40

При рачен пренос надвор од безбедносните и административните зони, класифицираните информации во форма на документи се спакувани во двојни коверти и се пренесуваат во заклучена курирска торба.

Во случај на друг вид на пратка што содржи класифицирани информации, пратката е спакувана во дупла непросирна опаковка и се пренесува во заклучена курирска торба или во заклучена или запечатена кутија. Кутијата може да се смета за надворешна обвивка на пратката.

Рачниот пренос на класифицираните информации надвор од државата се врши по земјен или воздушен пат, низ или преку држави во коишто не постои безбедносен ризик по преносот на пратката.

Член 41

При пренос на класифицираните информации со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ и повисоко, претходно треба да се извести примателот со напомена за името на доставувачот, маршрутата на движење, предвиденото време на пристигнување и степенот на класификација.

За информации класифицирани со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“:

- се води писмена евиденција на сите лица кои учествувале во преносот;
- за пренос се користи посебно опремено возило;
- курирот е придружуван од најмалку едно лице.

Преодна и завршна одредба

Член 42

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба, престанува да важи Уредбата за физичка безбедност на класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/04).

Член 43

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-4979/7
19 август 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

3739.

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 август 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ЧУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ГРАНИЧНИТЕ ЛИНИИ И ГРАНИЧНИТЕ ОЗНАКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ

Член 1

Во Одлуката за формирање Комисија за чување, одржување, обновување и обележување на граничните линии и граничните ознаки на Република Македонија со

соседните држави („Службен весник на Република Македонија" бр. 118/09), во насловот, зборовите „Република Македонија", се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија".

Член 2

Во членот 1 зборовите „Република Македонија", се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија".

Член 3

Во членот 2 алинејата 2 се менува и гласи:

„- спроведување на Заклучоците на Владата на Република Северна Македонија за чување, одржување, обновување и обележување на граничните линии и граничните ознаки на Република Северна Македонија со Република Албанија, Република Бугарија, Република Грција, Република Косово и Република Србија;"

Во алинејата 4 зборовите „Владата на Република", се заменуваат со зборовите „Владата на Република Северна Македонија".

Член 4

Во член 3 во алинејата 1, во член 4 во ставот 2 и во член 5 во ставовите 1, 3 и 4 зборовите „Министерството за надворешни работи", се заменуваат со зборовите „Министерството за надворешни работи и надворешна трговија".

Член 5

Во членот 7 зборовите „Република Македонија", се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија".

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-3551/12
19 август 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

3740.

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 август 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари- инфраструктурни објекти, атмосферска канализациона мрежа со вкупна должина од 7687.19 м и тоа:

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМК001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551216.85 X 4649695.14, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551048.39 X 4649788.43, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 192.62 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.30 м;

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМК001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551048.39 X 4649788.43, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7550861.99 X 4649641.14, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 239.71 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.40 м;

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМК001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7550861.99 X 4649641.14, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7550933.96 X 4649599.90, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 82.95 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.30 м;

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМК001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7550933.96 X 4649599.90, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551064.06 X 4649525.49, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 149.88 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.40 м;

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМК001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7550861.99 X 4649641.14, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7550743.11 X 4649430.23, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 242.14 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.50 м;

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМК001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7550743.11 X 4649430.23, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7550840.94 X 4649391.45, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 106.65 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.40 м;

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМК001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551283.56 X 4649657.05, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551538.91 X 4649537.36, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 284.67 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.30 м;

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМК001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551456.10 X 4649560.75, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551461.44 X 4649544.99, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 16.64 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.30 м;

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМК001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551461.44 X 4649544.99, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551417.36 X 4649436.93, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 116.71 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.40 м;

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551417.36 X 4649436.93, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551299.48 X 4649138.58, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 320.91 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.50 м;
- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551116.29 X 4649512.08, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551531.95 X 4649311.41, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 472.28 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.30 м;
- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551531.95 X 4649311.41, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551623.82 X 4649295.55, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 93.23 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.40 м;
- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7550936.10 X 4649344.69, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551222.20 X 4649175.28, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 335.16 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.40 м;
- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551222.20 X 4649175.28, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551299.48 X 4649138.58, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 85.57 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.50 м;
- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551299.48 X 4649138.58, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551429.34 X 4649100.41, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 135.46 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.60 м;
- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551429.34 X 4649100.41, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551618.44 X 4649066.65, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 192.11 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.40 м;
- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551829.47 X 4649477.00 крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551807.96 X 4649300.50, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 177.81 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.40 м;
- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551807.96 X 4649300.50, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551776.30 X 4649047.61, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 254.87 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.60 м;
- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551684.37 X 4649285.67, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551788.70 X 4649271.58, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 105.28 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.40 м;
- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551788.70 X 4649271.58, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551922.45 X 4649261.54, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 134.21 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.60 м;
- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551922.45 X 4649261.54, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7552048.41 X 4649256.76, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 126.07 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.50 м;
- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7552048.41 X 4649256.76, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7552199.06 X 4649258.98, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 150.72 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.40 м;
- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7552199.06 X 4649258.98, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7552349.43 X 4649263.89, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 150.45 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.30 м;
- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551672.82 X 4649063.07, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551776.30 X 4649047.61, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 104.64 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.30 м;
- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551776.30 X 4649047.61, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7552451.37 X 4649063.62, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 682.68 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.40 м;

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7552451.37 X 4649063.62, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7552500.69 X 4649065.52, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 49.36 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.60 м;

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7552201.06 X 4649027.79, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7552193.82 X 4649208.44, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 180.81 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.30 м;

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место, Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7552444.13 X 4649267.26, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7552917.56 X 4649284.20, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 473.74 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.30 м;

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Горна Мешалија, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7552556.84 X 4649084.76, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7552957.22 X 4649088.35, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 401.74 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.30 м;

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7552952.06 X 4649237.20, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7552957.22 X 4649088.35, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 148.94 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.30 м;

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551048.39 X 4649788.43, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551049.75 X 4649789.03, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 1.49 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.20 м;

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551086.17 X 4649769.69, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551087.55 X 4649770.15, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 1.45 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.20 м;

Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551145.69 X 4649735.69, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551147.21 X 4649736.04, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 1.56 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.20 м;

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551180.17 X 4649715.99 крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551181.95 X 4649716.34, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 1.81 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.20 м;

- Атмосферска канализациона мрежа во подрачјето на ТИРЗ Скопје 1, префикс КІА1, идентификатор АТМ-К001, почеток: викано место Викало, крај: викано место Викало, почеток на инфрастурктурен објект со координати у 7551216.85 X 4649695.14, крај на инфрастурктурен објект со координати у 7551218.23 X 4649695.50, единствен идентификатор КИА1АТКК001, должина 1.43 м, материјал на објектот пластика, пресек/профил 0.20 м;

Реден број	Назив на движните ствари	Инвентарен број	Опис на движните ствари	Количина (парче)
1.	кревети	4730-0000-0001-9	Кревети војнички М80/90 см	33
2.	душеци	4340-3915-1134-8	Душеци троделни	33

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Казнено - поправната установа - Идризово, Скопје.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со директорот на Казнено - поправната установа - Идризово, Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-6708/6
19 август 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

3748.

Врз основа на член 51 став (2) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија” бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 август 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ГОРНА КРАСТА”, ОПШТИНА СОПИШТЕ

1. Со оваа одлука Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Горна Краста”, Општина Сопиште, бр. 24-1387/1 од 12.2.2015 година, едностранo се раскинува од страна на концедентот, заради неплаќање на концесискиот надоместок.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги ТЕХНО ПАВЕР ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Горна Краста“, Општина Сопиште бр.42-11548/1-14 од 20.1.2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/15).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-6891/5
19 август 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

3749.

Врз основа на член 43 став (16) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 август 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ПЕСОК И ЧАКАЛ НА ДРУШТВОТО ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА РУДАРСКИ И ГРАДЕЖНИ РАБОТИ МАШИНОКОП ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ КАВАДАРЦИ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ДОЛНА ЛАКА“ ОПШТИНА РОСОМАН

1. Со оваа одлука се одбива Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Долна Лака“, Општина Росоман, поднесено од страна на Друштвото за изведување на рударски и градежни работи МАШИНОКОП ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци бр.24-3188/1 од 18.7.2017 година, бидејќи од Министерството за животна средина и просторно планирање - Сектор за води е добиено негативно мислење бр.11-5542/2 од 13.11.2018 година, бидејќи местоположбата на концесискиот простор треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирање на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци и заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно концесискиот простор навлегува во крајбрежниот појас на Црна Река.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-6893/8
19 август 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

3750.

Врз основа на член 51 став (2) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија” бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 август 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА ПРЕНОС НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ТОДОРОВИ БАВЧИ”, ОПШТИНА ВЕЛЕС

1. Со оваа одлука Договорот за пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Тодорови Бавчи”, општина Велес бр.24-2544/1 од 5.4.2018 година и Анекс на Договорот бр.24-2544/5 од 17.5.2018 година едностранo се раскинува од страна на концедентот, заради прекин со изведување на рударските работи подолго од една година.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Тодорови Бавчи“, општина Велес од Друштвото за производство, градежништво, трговија, и услуги УС-КОНСТАКШН експорт-импорт ДООЕЛ Куманово на Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги КАМЕНОЛОМ ТЕХНО ПАВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје бр.44-745/1 од 27.2.2018 година („Службен весник на Република Македонија” бр.40/18).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-7167/12
19 август 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

3751.

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 август 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ПЕСОК И ЧАКАЛ НА ЛОКАЛИТЕТОТ КО „КУКЛИШ", ОПШТИНА СТРУМИЦА

1. Со оваа одлука концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот К.О. „Куклиш", Општина Струмица, доделена со Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал К.О. „Куклиш", Општина Струмица бр.24-7360/1 од 5.12.2013 година на Друштвото за транспорт, трговија, производство и услуги КИПО увоз – извоз ДООЕЛ Струмица, престанува да важи заради истек на рокот за периодот за кој е доделена концесијата.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-7360/11
19 август 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

3752.

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 август 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА КОНЦЕСИЈАТА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ПЕСОК И ЧАКАЛ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „С. ПАЛИКУРА" ОПШТИНА НЕГОТИНО

1. Со оваа одлука концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „с.Паликура" Општина Неготино, доделена со Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „с.Паликура" Општина Неготино, бр.24-1169/10 од 19.5.2015 година на Друштвото за транспорт производство трговија и услуги ЈОГО ТРАНСПОРТ ДОО увоз-извоз Кавадарци, престанува да важи заради истек на рокот за периодот за кој е доделена концесијата.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-7361/10
19 август 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

3753.

Врз основа на член 33 став (2) од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21, 111/23 и 208/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 август 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ ВО ВЛАДЕНИЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Член 1

Со оваа одлука на Јавното претпријатие за државни патишта – како предлагач на експропријацијата да му се предаде во владение недвижност која претставува:

1. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 264/1, КО Здуње, со површина од 474 м2, запишано во Имотен лист бр.100722, согласно Решение за експропријација УП бр.30-258 од 02.07.2025 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гостивар;

2. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 419, КО Здуње, со површина од 27586 м2, запишано во Имотен лист бр.100520, согласно Решение за експропријација УП бр.30-173 од 02.07.2025 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гостивар;

3. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 1092, КО Здуње, со површина од 1841 м2, запишано во Имотен лист бр.100313, согласно Решение за експропријација УП бр.30-226 од 02.07.2025 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гостивар;

4. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 1083/1, КО Здуње, со површина од 1846 м2, запишано во Имотен лист бр.100540, согласно Решение за експропријација УП бр.30-230 од 01.07.2025 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гостивар;

5. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 260, КО Здуње, со површина од 212 м2, запишано во Имотен лист бр.574, согласно Решение за експропријација УП бр.30-168 од 02.07.2025 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гостивар;

6. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 392/1, КО Здуње, со површина од 4416 м2, запишано во Имотен лист бр.3007, согласно Решение за експропријација УП бр.30-261 од 02.07.2025 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гостивар;

7. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 263, КО Здуње, со површина од 1181 м2, запишано во Имотен лист бр.156, согласно Решение за експропријација УП бр.30-257 од 01.07.2025 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гостивар;

8. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 901, КО Здуње, со површина од 2183 м2, запишано во Имотен лист бр.100371, согласно Решение за експропријација УП бр.30-231 од 20.06.2025 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гостивар;

9. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 216/1, КО Здуње, со површина од 1409 м2, запишано во Имотен лист бр.334662, согласно Решение за експропријација УП бр.30-945 од 14.07.2025 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гостивар;

10. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 902/1, КО Здуње, со површина од 576 м2, запишано во Имотен лист бр.100545, согласно Решение за експропријација УП бр.30-225 од 01.07.2025 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гостивар;

11. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 894, КО Здуње, со површина од 3286 м2, запишано во Имотен лист бр.33501, согласно Решение за експропријација УП бр.25-227 од 01.07.2025 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гостивар;

12. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 343, КО Митрој Крсти, со површина од 2034 м2, запишано во Имотен лист бр.262, согласно Решение за експропријација УП бр.30-242 од 27.06.2025 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гостивар;

13. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 358, КО Митрој Крсти, со површина од 559 м2, запишано во Имотен лист бр.262, согласно Решение за експропријација УП бр.30-239 од 02.07.2025 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гостивар;

14. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 470, КО Митрој Крсти, со површина од 5801 м2, запишано во Имотен лист бр.224, согласно Решение за експропријација УП бр.30-167 од 01.07.2025 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гостивар;

15. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 37/1, КО Митрој Крсти, со површина од 1603 м2, запишано во Имотен лист бр.274, согласно Решение за експропријација УП бр.30-255 од 07.07.2025 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гостивар;

16. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 467, КО Митрој Крсти, со површина од 687 м2, запишано во Имотен лист бр.262, согласно Решение за експропријација УП бр.30-163 од 28.05.2025 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гостивар;

17. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 151, КО Симница, со површина од 3367 м2, запишано во Имотен лист бр.934, согласно Решение за експропријација УП бр.30-253 од 02.07.2025 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гостивар и

18. Земјоделско земјиште дел од КП бр. 149, КО Симница, со површина од 2857 м2, запишано во Имотен лист бр.1006, согласно Решение за експропријација УП бр.30-256 од 07.07.2025 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Гостивар, за изградба на Коридор 8, делница Гостивар-Букојчани.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-7898/6
19 август 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

3754.

Врз основа на член 36 став (6) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 19 август 2025 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ СОВЕТ ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

1. Во Решението за формирање Совет за реформа на јавната администрација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 277/20, 69/22, 201/23 и 270/24), точката 2 се менува и гласи:

„2. Советот за реформа на јавната администрација го сочинуваат:

а) Претседател

- проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија;

б) членови:

- Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за добро владеење;
- Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците;
- м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања;
- Горан Минчев, министер за јавна администрација;
- м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација;
- м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии;
- м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд;
- Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади;
- Игор Филков, министер за правда;
- м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа;
- Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија;
- д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство;
- д-р Љубица Караманди Попчевски, директор на Агенција за администрација и
- претставник на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).“

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-4189/16
19 август 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

3755.

Врз основа на член 10 став (7) од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 53/21 и 39/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 август 2025 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ИНТЕРРЕСОРСКА КОНСУЛТАТИВНА И СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

1. За координатор и членови на интерресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите се именуваат:

- Министерство за социјална политика, демографија и млади
Габриела Мацоска - координатор;
Кадрије Мустафа - член;
- Министерство за одбрана
Миневере Лесковица - член;
- Министерство за внатрешни работи
Жаклина Просароска - член;
- Министерство за правда
Татјана Кикерекова - член;
- Министерство за финансии
Кети Велкова - член;
- Министерство за економија и труд
Ениса Демеска - член;
- Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Елена Коцева Јакимовска - член;
- Министерство за дигитална трансформација
Наташа Кнежевиќ - член;
- Министерство за јавна администрација
Симона Манева - член;
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Снежана Давчевска - член;
- Министерство за образование и наука
Арабела Илјаз - член;
- Министерство за здравство
Нермина Факовиќ - член;
- Министерство за животна средина и просторно планирање
Тања Кироска Донски - член;
- Министерство за спорт
Татјана Блажевска - член;
- Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Зорица Цингова - член;
- Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија
Орхидеја Горговска - член;
- Заедница на единиците на локалната самоуправа
Ирена Николов - член;
- Македонско женско лоби
Даниела Димитриевска - член;
- Женска граѓанска иницијатива Антико
Ѓунер Небиу - член;
- Организација на работодавачи на Македонија
Тамара Ристеска - член;
- Платформа за родова еднаквост
Тања Иванова - член;
- Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија
Дивна Змејковска - член;
- Конфедерација на слободни синдикати на Македонија
Даниела Јаневска - член;
- Експерт за родова еднаквост
Елена Гроздановa - член.

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение, престанува да важи Решението за именување на членови на Интер - ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија" бр. 114/17 и 60/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 177/19, 108/21, 206/22 и 201/23).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-5593/14
19 август 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

3756.

Врз основа на членот 30 став 3 од Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/02, 84/07, 120/09, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15, 53/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21, 147/24 и 156/25), министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ОДРЕДЕНИ ВИДОВИ НА МЕРИЛА, ПОСТАПКАТА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕТО НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ, ЗАДАЧИТЕ НА ОВЛАСТЕНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ И ОЦЕНАТА НА ИСПОЛНЕТОСТА НА БАРАЊАТА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за дополнителните услови за верификација на одредени видови на мерила, постапката за овластувањето на правното лице, задачите на овластеното правно лице и оцената на исполнетоста на барањата за овластување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/22 и 220/22), во член 2 во ставот 1 алинејата 2 се менува и гласи:

„- има вработено најмалку пет лица во редовен работен однос, со полно работно време, со високо образование од областа на техничко-технолошките науки, ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, технички компетентни, од кои три лица да имаат најмалку пет години работно искуство во областа на метрологијата, за која се бара овластување,".

Член 2

Во член 4 ставот 1 се менува и гласи:

„По приемот на барањето за овластување на правното лице за верификација на одредени видови на мерила, Стручната комисија формирана од страна на Бирото за метрологија, го разгледува барањето со приложената документација, врши надзор на лице место (доколку

приложената документација е соодветна и ги исполнува барањата од членовите 2 и 3 од овој правилник) кај поднесителот на барањето и изготвува мислење дали барателот ги исполнува условите за добивање на овластување за вршење на верификација, во рок не подолг од 90 дена од приемот на барањето.“.

Член 3

Во членот 5 зборот „економија“ се заменува со зборовите „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Министер
Бр. 19-494/6 за енергетика, рударство и
19 август 2025 година минерални суровини
Скопје **Сања Божиновска,** с.р.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

3757.

Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 и член 78 од Законот за енергетика* (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/25 и 135/25) и член 12 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20, 44/21, 240/24, 109/25 и 115/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 14 август 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Барањето на Осигурителното брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД БИТОЛА-во стечај, со седиште ул. Димитар Илиевски Мурато бр.5 Битола за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “Осигурително брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД БИТОЛА”, УП1 бр.12-1754/25 од 14 јули 2025 година СЕ ОДБИВА.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на
УП1 бр. 12-1754/25 Република Северна Македонија
14 август 2025 година Претседател,
Скопје **Марко Бислимоски,** с.р.

Në bazë të nenit 54, paragrafi (1), pika 1.21, dhe nenit 78, të Ligjit të Energjetikës* ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 101/25 dhe 135/25) dhe nenit 12 të Rregullores së Licencave („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20, 44/21, 240/24, 109/25 dhe 115/25), Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 14 gusht 2025, solli këtë

V E N D I M
PËR REFUZIMIN E KËRKESËS PËR DHËNIEN E LICENCËS SË PUNËS PROVË PËR USHTRIMIN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE PRODHIM TË ENERGJISË ELEKTRIKE

1. Kërkesa e Shoqërisë së Brokerimit të Sigurimeve SN OSIGURITELEN BROKER SHA MANASTIR – në falimentim, me seli në rr. Dimitar Ilievski Murato nr.5 Manastir, për dhënien e licencës për ushtrimin e veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike nga centrali elektrik diellor CED “Shoqëria e Brokerimit të Sigurimeve SN OSIGURITELEN BROKER SHA MANASTIR', PA1 nr.12-1754/25 datë 14 korrik 2025, REFUZOHET.

2. Ky vendim hyn në fuqi në ditën e sjelljes së tij, ndërsa botohet në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut” dhe publikohet në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Komisioni Rregullator i Energjetikës,
Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të
Menaxhimit me Mbeturinat Komunale
PA1 nr. 12-1754/25 të Republikës së Maqedonisë së Veriut
14 gusht 2025 Kryetar,
Shkup **Марко Бислимоски,** d.v.

3758.

Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 и член 78 став (1) од Законот за енергетика* (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/25 и 135/25) и член 13 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20, 44/21, 240/24, 109/25 и 115/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 14 август 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги ВИС ПЛАНТИС ДООЕЛ увоз - извоз с. Лешок се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонски електроцентрали ФЕЦ “ГИНОВЦИ СОЛАР 1” и ФЕЦ “ГИНОВЦИ СОЛАР 2”.

2. Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулатор-

ната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

	Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
УП1 бр. 12-1786/25	Претседател,
14 август 2025 година	**Марко Бислимоски,** с.р.
Скопје	

Прилог:

ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Назив и седиште на носителот на лиценцата
Друштво за производство, трговија и услуги ВИС ПЛАНТИС ДООЕЛ увоз - извоз с. Лешок, со седиште на ул. "102 " бр.67 Лешок, Теарце, Република Северна Македонија.

2. Енергетска дејност за која се издава лиценцата: Производство на електрична енергија

3. Датум на издавање на лиценцата: 14 август 2025 година

4. Датум на важење на лиценцата: 14 август2060 година

5. Евидентен број на издадената лиценца: ЕЕ-ПРОИЗ-1731-2025

6. Единствен матичен број: 7509030

7. Единствен даночен број: 4079021503096

8. Подрачје на кое се врши енергетската дејност
Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонски електроцентрали ФЕЦ "ГИНОВЦИ СОЛАР 1" на КП бр. 886, КО Гиновци, Општина Ранковце и ФЕЦ "ГИНОВЦИ СОЛАР 2" на КП бр. 925 , КО Гиновци, Општина Ранковце.

9. Место на испорака:
Испораката на електрична енергија во електродистрибутивна мрежа од ФЕЦ "ГИНОВЦИ 1" и ФЕЦ "ГИНОВЦИ 2" ќе се врши согласно дефинираните услови за приклучување во Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа УП1 број 10-630 од 1 септември 2023 година издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

10. Општи обврски за носителот на лиценцата
Носителот на лиценцата е должен да:
- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во електродистрибутивниот или електропреносниот систем,
- врши продажба на произведената електрична енергија,
- нуди системски услуги на операторот на електропреносниот систем заради балансирање на системот, согласно расположливите производни капацитети и барањата утврдени во правилата за пазар на балансна енергија на електроенергетскиот систем и мрежните правила за пренос на електрична енергија,
- обезбедува достапност на договорените количини на електрична енергија и/или системски услуги до точката на прием во електропреносниот или електродистрибутивниот систем во согласност со условите и обврските од лиценцата, како и со договорот за приклучување,
- ги одржува во оперативна состојба сите потребни технички ресурси, вклучително и уреди за телеметрија на тековното производство,
- доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на електродистрибутивниот систем во согласност со мрежните правила,
- доставува до операторот на електропреносниот систем и операторот на пазарот на електрична енергија податоци и информации од договорите за купување и продажба на електрична енергија, расположливоста на производниот капацитет и/или системските услуги, освен деловно-финансиските податоци,
- е опремен со сите потребни технички ресурси за доставување на информации до соодветниот оператор на електропреносен или електродистрибутивен систем вклучително и уреди за далечинско мерење на производството во реално време,
- има право да купува електрична енергија на пазарот на електрична енергија, да обезбедува други енергенти, како и да презема други дејствија на пазарите за енергија заради оптимизирање на своето производство и трошоците во работењето, освен производител на електрична енергија од обновливи извори кој користи повластена тарифа,
- ги чува сите податоци најмалку пет години што се однесуваат на работењето на електроцентралите, од кои можат да се утврдат и проверат за секој поединечен час сите негови оперативни одлуки поврзани со диспечирање и неговото учество на пазарите на електрична енергија, во кои се вклучени и податоци за расположливите производствени капацитети и понудените и активираните системски услуги на ниво на електроцентрала во периодите кога се одвива тргувањето и производството, како и за учество на аукциите за интерконективни капацитети, само во случај која производителот на електрична енергија е сопственик и/или управува со електроцентрала со инсталирана моќност еднаква или поголема од 200 MW, или поседува повеќе електроцентрали со вкупна инсталирана моќност еднаква или поголема од 400 MW,
- овозможи увид на податоците за електроцентралите, кои се со моќност еднаква или поголема од 200 MW, или повеќе електроцентрали со вкупна инсталирана моќност еднаква или поголема од 400 MW, на Регулаторната комисија за енергетика, на Секретаријатот на Енергетската заедница во согласност со обврските на Република Северна Македонија од ратификуваните меѓународни договори, како и на Комисијата за заштита на конкуренцијата во согласност со прописите со кои се уредува заштита на конкуренцијата,
- на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, односно на Комисијата за заштита на конкуренцијата во согласност со прописите со кои се уредува заштитата на конкуренцијата, им овозможува увид во податоците кои се однесуваат на сите негови трансакции за купопродажба на електрична енергија и деривативи, вклучително и деривативи на финансискиот пазар, со купувачите на големо, како и со операторот на електропреносниот систем, операторот на електродистрибутивниот систем или операторот на пазарот за електрична енергија остварени во последните пет години,

- не го нарушува квалитетот на електричната енергија во електропреносниот или електродистрибутивниот систем,

- им ги обезбеди на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на електродистрибутивниот систем, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со мрежните правила за пренос на електрична енергија, мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и правилата за пазар на електрична енергија,

- доставува податоци и информации согласно правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,

- води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува согласно член 5 од Законот за енергетика*,

- доставува известувања за сите околности, настани и промени коишто имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,

- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на енергетската дејност, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа,

- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци.

11. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен извештај за работењето, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината,

2) годишна завршна сметка со сите прилози во која одделно ќе биде прикажан приходот од вршење на енергетската дејност за која се издава лиценцата,

3) преземени мерки во текот на извештајната година за:

- заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,

- безбедност и здравје при работа,

- кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,

- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,

- извршување на мониторинг на работењето,

- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба,

4) извршување на годишната програма за ремонти,

5) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година,

6) извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

12. Доверливост на информациите

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија.

13. Квалитет на услугата

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

14. Мерење на произведената електрична енергија и моќност

Мерењето на произведената, односно испорачаната електрична енергија во електропреносниот или електродистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место на начин и постапка утврдени согласно мрежните правила за пренос на електрична енергија, односно мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

15. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата

Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

16. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

17. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност

Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонски електроцентрали со следните технички карактеристики:

ФЕЦ “ГИНОВЦИ СОЛАР 1”:

а) назив на фотонапонската електроцентрала: ФЕЦ “ГИНОВЦИ СОЛАР 1”

б) вкупна моќност на фотонапонската електроцентрала по панели: 628,32 kWp

в) вкупна моќност на фотонапонската електроцентрала по инвертори: 600 kW

г) година на почеток и завршеток на градба и почеток на работа: 2024 и 2025 година

д) проценет животен век на ФЕЦ: 35 години

ѓ) тип, производител и број на фотонапонски панели:

- JA SOLAR, JAM66D45 585-610/LB - 595Wp, 1056 панели со моќност од 595 Wp

е) тип, производител и номинални податоци на инвертор:

- HUAWEI, SUN2000-100KTL-M1, 6 инвертори со моќност од 100 kW

ж) годишно сончево зрачење на таа локација: 1.545,1 kWh/m2

з) очекувано производство на електрична енергија: 902.871 kWh.

ФЕЦ "ГИНОВЦИ СОЛАР 2":

а) назив на фотонапонската електроцентрала: ФЕЦ "ГИНОВЦИ СОЛАР 2"

б) вкупна моќност на фотонапонската електроцентрала по панели: 115,43 kWp

в) вкупна моќност на фотонапонската електроцентрала по инвертори: 100 kW

г) година на почеток и завршеток на градба и почеток на работа: 2024 и 2025 година

д) проценет животен век на ФЕЦ: 35 години

ѓ) тип, производител и број на фотонапонски панели:

- JA SOLAR, JAM66D45 585-610/LB - 595Wp, 194 панели со моќност од 595 Wp

е) тип, производител и номинални податоци на инвертор:

- HUAWEI, SUN2000-100KTL-M1, 1 инвертор со моќност од 100 kW

ж) годишно сончево зрачење на таа локација: 1.545,1 kWh/m2

з) очекувано производство на електрична енергија: 165.881 kWh.

Në bazë të nenit 54, paragrafi (1), pika 1.21, dhe nenit 78, paragrafi (1) të Ligjit të Energjetikës* ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 101/25 dhe 135/25) dhe nenit 13 të Rregullores së Licencave („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20, 44/21, 240/24, 109/25 dhe 115/25), Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 14 gusht 2025, solli këtë

V E N D I M
PËR DHËNIEN E LICENCËS PËR USHTRIMIN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE PRODHIM TË ENERGJISË ELEKTRIKE

1. Shoqërisë së Prodhimit, të Tregtisë dhe të Shërbimeve VIS PLANTIS SHPKNJP eksport - import f. Leshkë, i jepet licencë për ushtrimin e veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike nga centralet elektrike diellore CED "GINOVCI SOLAR 1" dhe CED "GINOVCI SOLAR 2".

2. Licenca për ushtrimin e veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike është dhënë në shtojcë, e cila është pjesë përbërëse e këtij vendimi.

3. Ky vendim hyn në fuqi në ditën e sjelljes së tij, ndërsa botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe publikohet në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Komisioni Rregullator i Energjetikës,
Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të
Menaxhimit me Mbeturinat Komunale
të Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetar,
Марко Бислимоски, d.v.

PA1 nr. 12-1786/25
14 gusht 2025
Shkup

Shtojcë:

LICENCË
PËR USHTRIMIN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE TË PRODHIMIT TË ENERGJISË ELEKTRIKE

1. Emri dhe selia e bartësit të licencës:
Shoqëria e Prodhimit, e Tregtisë dhe e Shërbimeve VIS PLANTIS SHPKNJP eksport - import f. Leshkë, me seli në rr. "102" nr. 67, Leshkë, Tearcë, Republika e Maqedonisë së Veriut.

2. Veprimtaria energjetike, për të cilën jepet licenca: prodhim i energjisë elektrike

3. Data e dhënies së licencës: 14 gusht 2025

4. Data e skadimit të licencës: 14 gusht 2060

5. Numri evidentues i licencës së dhënë: EE-ПРОИЗ-1731-2025

6. Numri amzë: 7509030

7. Numri tatimor: 4079021503096

8. Rajoni ku ushtrohet veprimtaria energjetike
Bartësi i licencës e ushtron veprimtarinë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike nga centralet elektrike diellore CED "GINOVCI SOLAR 1" në PK nr. 886, KK Ginovcë, komuna e Rankovcës dhe CED "GINOVCI SOLAR 2" në PK nr. 925, KK Ginovcë, komuna e Rankovcës.

9. Vendi i dërgesës:
Dërgesa e energjisë elektrike në rrjetin e shpërndarjes së energjisë elektrike nga centralet elektrike diellore CED "GINOVCI SOLAR 1" dhe CED "GINOVCI SOLAR 2" do të bëhet në përputhje me kushtet e definuara për kyçje në Aktvendimin për Miratimin e Kyçjes në Rrjetin e Shpërndarjes së Energjisë Elektrike PA1 nr. 10-630 datë 1 shtator 2023, të dhënë nga Elektrodistribuimi SHPKNJP Shkup.

10. Detyrimet e përgjithshme të bartësit të licencës
Bartësi i licencës është i detyruar:

- të sigurojë prodhim dhe dërgesë të sigurt, të vazhdueshme dhe cilësore të energjisë elektrike deri në pikën e pranimit në sistemin e shpërndarjes apo të transmetimit të energjisë elektrike,
- të ushtrojë shitje të energjisë së prodhuar,
- t'i ofrojë shërbime sistemore operatorit të sistemit të transmetimit të energjisë elektrike për qëllim të balancimit të sistemit, në përputhje me kapacitetet prodhuese të disponueshme dhe kërkesat e përcaktuara me Rregullat e Tregut të Energjisë Balancuese të Sistemit Elektroenergjetik dhe Rregullat e Rrjetit të Transmetimit të Energjisë Elektrike,
- të sigurojë disponueshmërinë e sasisë së energjisë elektrike dhe/ose të shërbimeve sistemore deri në pikën e pranimit në sistemin e transmetimit ose të shpërndarjes sipas marëveshjes, në përputhje me kushtet dhe detyrimet e përcaktuara në licencë, si dhe me marrëveshjen për kyçje,
- të mirëmbajë në gjendje operative të gjitha burimet teknike të nevojshme, përfshirë pajisjet për telemetrinë e prodhimit aktual,
- të dorëzojë raporte, të dhëna dhe informacione tek operatori i sistemit të transmetimit ose tek operatori i sistemit të shpërndarjes, në përputhje me rregullat e rrjetit,
- të dorëzojë tek operatori i sistemit të transmetimit të energjisë elektrike dhe tek operatori i tregut të energjisë elektrike të dhëna dhe informacione nga marrëveshjet për blerjen dhe shitjen e energjisë elektrike, disponueshmërinë e kapaciteteve prodhuese dhe/ose të shërbimeve sistemore, përjashtuar të dhënat afariste-financiare,
- të jetë i pajisur me të gjitha burimet teknike të nevojshme për dorëzimin e informacioneve te operatori përkatës i sistemit të transmetimit ose i sistemit të shpërndarjes, duke përfshirë edhe pajisjet për matje në distancë të prodhimit në kohë reale,
- ka të drejtë të blejë energji elektrike në tregun e energjisë elektrike, të sigurojë burime të tjera energjetike, si dhe të ndërmarrë veprime të tjera në tregjet e energjisë për

të optimizuar prodhimin e vet dhe shenzimet e funksionimit, përveç prodhuesit të energjisë elektrike nga burime të rinovueshme që përdor tarifë preferenciale,

- t'i ruaj të gjitha të dhënat për të paktën pesë vjet që lidhen me funksionimin e centraleve elektrike, nga të cilat mund të përcaktohen dhe verifikohen për çdo orë individuale të gjitha vendimet e tij operative në lidhje me dispeçimin dhe pjesëmarrjen në tregjet e energjisë elektrike. Këtu përfshihen edhe të dhëna për kapacitetet prodhuese të disponueshme dhe shërbimet sistemore të ofruara dhe të aktivizuara në nivel të centralit elektrik gjatë periudhave kur zhvillohet tregtimi dhe prodhimi, si dhe për pjesëmarrjen në ankandet për kapacitete ndërlidhëse, vetëm në rast se prodhuesi i energjisë elektrike është pronar dhe/ose menaxhon një central elektrik me kapacitet të instaluar prej të paktën 200 MW ose më tepër, ose zotëron disa centrale elektrike me kapacitet të përgjithshëm të instaluar prej të paktën 400 MW ose më tepër,

- t'i mundësojë qasje në të dhënat për centralet elektrike me kapacitet të barabartë ose më të madh se 200 MW, apo disa centrale elektrike me kapacitet të përgjithshëm të instaluar të barabartë ose më të madh se 400 MW, Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Sekretariatit të Komunitetit Energjetik në përputhje me obligimet e Republikës së Maqedonisë së Veriut nga marrëveshjet ndërkombëtare të ratifikuara, si dhe Komisionit për Mbrojtjen e Konkurrencës në përputhje me dispozitat që rregullojnë mbrojtjen e konkurrencës,

- Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale, si dhe Komisionit për Mbrojtjen e Konkurrencës, në përputhje me dispozitat që rregullojnë mbrojtjen e konkurrencës, u mundësohet qasje në të dhënat që lidhen me të gjitha transaksionet e tij për blerjen dhe shitjen e energjisë elektrike dhe derivatëve, duke përfshirë derivatet në tregun financiar, me blerësit me shumicë, si dhe me operatorin e sistemit të transmetimit të energjisë elektrike, operatorin e sistemit të shpërndarjes së energjisë elektrike ose operatorin e tregut të energjisë elektrike, të realizuara gjatë pesë viteve të fundit,

- nuk e cenon cilësinë e energjisë elektrike në sistemin e transmetimit ose të shpërndarjes

- t'i sigurojë operatorit të sistemit të transmetimit, operatorit të tregut të energjisë elektrike dhe operatorit të sistemit të shpërndarjes të gjitha të dhënat dhe informacionet e nevojshme për përmbushjen e detyrimeve të tyre sipas licencave, në përputhje me Rregullat e Rrjetit të Transmetimit të Energjisë Elektrike, Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike dhe Regullat e Tregut të Energjisë Elektrike,

- të dorëzojë të dhëna dhe informacione në përputhje me Rregulloren e Mënyrës dhe Procedurës së Monitorimit të Funksionimit të Tregjeve të Energjisë,

- të udhëheqë kontabilitet të veçantë për secilën veprimtari energjetike veçmas që e ushtron apo për veprimtari të tjera që i ushtron, sipas nenit 5 të Ligjit të Energjetikës*,

- të dorëzojë njoftime për të gjitha rrethanat, ngjarjet dhe ndryshimet që kanë ose mund të kenë ndikim ndaj ushtrimit të veprimtarisë energjetike,

- të respektojë ligjet, rregulloret dhe aktet e përgjithshme që lidhen me ushtrimin e veprimtarisë energjetike, mbrojtjen e konkurrencës, mbrojtjen e konsumatorëve, mbrojtjen e mjedisit jetësor, jetën dhe shëndetin e njerëzve dhe sigurinë në vendin e punës,

- të mundësojë qasje të drejtpërdrejtë, me kërkesë të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit të Mbeturinat Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në të gjithë dokumentacionin që lidhet me ushtrimin e veprimtarisë energjetike për të cilën është dhënë licenca, në përputhje me Rregulloren e Licencave.

11. Detyrimi për dërgimin e Raportit Vjetor të Punës

Bartësi i licencës është i detyruar që, deri te Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut, më së voni deri më 31 mars të vitit vijues, të dërgojë raport vjetor pune duke përfshirë edhe raportin e punës financiare dhe afariste gjatë vitit të kaluar.

Raporti vjetor me të gjitha shtojcat e tij duhet të dërgohet në formë elektronike.

Raporti vjetor duhet të përmbajë të dhëna për:

1) përshkrimin dhe vëllimin e ushtrimit të veprimtarisë energjetike gjatë vitit,

2) llogarinë përfundimtare vjetore me të gjitha shtojcat, në të cilën të ardhurat nga ushtrimi i veprimtarisë energjetike për të cilën jepet licenca do të paraqiten veçmas,

3) masat e marra gjatë vitit raportues për:

- mbrojtje të ndërtesave dhe pajisjes nga ndikimet e jashtme dhe aksidentet dhe sigurimin e ndërtesave dhe pajisjeve për kryerje të veprimtarisë energjetike,

- siguri dhe shëndet gjatë punës,

- ekipim kuadror, trajnim dhe përsosje profesionale të të punësuarve,

- mbrojtjen e mjedisit jetësor, jetës dhe shëndetit të njerëzve,

- monitorimin e punës,

- ushtrimin e veprimtarive në kushte të gjendjes së krizës, ndryshimin e kushteve në tregun botëror si dhe në gjendje lufte apo të jashtëzakonshme,

4) kryerjen e programit vjetor për riparime,

5) realizimin e planit të punës, që i referohet vitit përkatës,

6) monitorime inspektoriale të kryera nga organet kompetente dhe organet e tjera shtetërore, me kopje të bashkëngjitura të procesverbaleve, raporteve dhe aktvendimeve të monitorimeve dhe të kontrolleve të kryera.

12. Besueshmëria e informatave

Bartësi i licensës është i detyruar që në pajtueshmëri me ligjin, të sigurojë besueshmërinë e të dhënave afariste dhe informatave gjatë kryerjes së veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike.

13. Cilësia e shërbimit

Bartësi i licencës duhet të sigurojë mjete teknike dhe kushte të tjera që mundësojnë cilësi konstante të energjisë elektrike të prodhuar, në përputhje me Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike.

